## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ” ОД АВТОРОТ ВОН. ПРОФ. СИМЕОН СИМЕОНОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-90/8 од 7.12.2016 донесена на 53. редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 7.12.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– ред. проф. Петар Симоновски, Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– ред. проф. Дарко Данев, Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Машински елементи” од авторот вон. проф. Симеон Симеонов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** наслов на учебникот **„***МАШИНСКИ ЕЛЕМЕНТИ”*, назив на предметот *Машински елементи*, за 3 семестар, неделен фонд на часови 3+2+2, приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** број на страници 366, формат А4, 247 слики и 146 табели, обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Вакви учебници во РМ се објавени: *Машински елементи 1 и 2* од проф. Димитар Стамболиев, *Машински елементи* од проф. Климе Тримчевски, на Машински факултет – Скопје, *Машински елементи* од проф. Тале Керамитчиев на Техничкоот факултет во Битола и др. Овој ракопис е напишан според Наставната програма на МФ при УГД –Штип.

**Краток опис на содржината**

Овој ракопис ги содржи следните поглавја: 1. Вовед, 2. Елементи за врска, 3. Пружини, 4. Вратила и оски, 5. Спојници, 6. Лежишта, 7. Цевни инсталации, 8. Запчаници, 9. Ремени преносници, 10. Фрикциони преносници, 11. Вериги, 12. Прилог.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот го има потребниот образовно-стручен квалитет и истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за пресметка и конструкција на машински елементи и нивни склопови, како и за вработени во работни организации кои ја обработуваат оваа проблематика.

Тој ги задоволува критериумите за објавување. Ракописот се категоризира како *учебник*.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Ред. проф. д-р Петар Симоновски, с.р.**
**Ред. проф. д-р Дарко Данев, с.р.**